19.01.2024 година

Врз основа на член 43 од Статутот на Комората на овластени архитекти и овластени инженери и Правилникот за дисциплинска постапка во Комората број 02-901/3 од 20.07.2017 година, а врз основа на поднесеното барање за покренување на дисциплинска постапка број 02-979/1 од 27.06.2023 година, дисциплинската комисија на Комората на овластени архитекти и овластени инженери, по одржаните состаноци на 31.07.2023 година и 17.01.2024 година, на ден 17.01.2024 година ја донесе следната

# ОДЛУКА

за изрекување дисциплинската санкција на Илирјета Селмани

На кандидатот за чен на Комората – г-ца Илирјета Селмани и се изрекување дисциплинска санкција - ЈАВНА ОПОМЕНА, во согласност со член 6, точка 2 од Правилникот за дисциплинска постапка во Комората, за сторен дисциплински престап предвиден во член 4, став 1, точка 2 од Правилникот за дисциплинска постапка во Комората 02-901/3 од 20.07.2017 година.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Диспиплинската комисија, во состав Горан Едровски - Претседател, Сашо Блажевски - Заменик претседател, Васко Стевоски, Драган Ѓорѓевиќ, како членови и Марина Стојмановска и Спасен Ѓорѓевски како заменици членови на Комисијата се состана на 31.07.2023 година и на 17.01.2024 година. На состаноците, разгледувајќи ја приложената документација, во консултација со правен советник, ја констатираше следната фактичка состојба:

1) Илирјета Селмани не може да има работно искуство од 16 мај 2016 година како дипломиран Архитект со оглед на тоа што таа завршила високо образование и се стекнала со ова звање на 4 април 2018 година, видно од издадена Диплома за завршено високо образование. Дека таа нема работно искуство од 16 мај 2016 година, говори и фактот што согласно доставените докази таа започнува со работа во фирмата МУЈО БАЈРАМИ од 2 декември 2017 година, а не на 16 мај 2016 година, а пак видно од М4 образецот нејзино прво вработување и е во фирмата МУЈО БАЈРАМИ и тоа на 2 декември 2017 година. Од тука Илирјета Селмани доставува во своето CV - невистинити податоци за работно искуство.

2) Илирјета Селмани не можела да биде пријавена на ден 2 декември 2017 година во фирмата МУЈО БАЈРАМИ ниту пак да работи на работно место дипломиран Архитект, со оглед на тоа што за оваа работа таа со соодветно образование се стекнала на 4 април 2018 година (запишана во книга на дипломирани студенти), а како дипломиран Архитект кај МУЈО БАЈРАМИ е пријавена на ден 2 декември 2017 година, односно 5 месеци пред дипломирањето. Не знаеме кога високо образовната институција и издала Уверение за дипломиран студент, но ако во книгата за дипломирани студенти е запишана на ден 4 март 2018 година тогаш не веруваме дека Уверението е издадено пред тој датум, што доведува до заклучок дека истата при пријавување во МУЈО БАЈРАМИ се немала стекната со образованието за работно место на кое е пријавена.

3) Договорот за дело е склучен на ден 14 нарт 2023 година, а во договорот е наведено дека Илирјета работа ќе врши од 20 февруари 2022 година до 10 јануари 2023 година. Значи со договор не може да се договорат работи кои се наводно веќе извршени, односно не може да се договара мината работа, туку само идна работа која ќе треба да се извршува согласно договорот. Од тука симтоматично е дека овој договор е фиктивен договор, кој бездруго по сила на Закон за облигациони односи е НИШТОВЕН и како таков нема правна сила.

Во контекст на овој заклучок води и фактот што во ОПФАТЕНИОТ ПЕРИОД во Договорот за дело 20 февруари 2022 година до 10 јануари 2023 година кога наводно Делото од договорот било наводно извршувано, Илирјета Селмани со Договор за работа била вработена во фирмата МУЈО БАЈРАМИ. Имено таа во оваа фирма работела до 2 декември 2022 година, што значи дека додека наводно траело делото таа вршела и работа за оваа фирма. Ова е меѓусебно е неспоиво и спротивно на Закон за работни односи односно спротивно на Законот за облигациони односи.

Имено, согласно член 252 од Законот за работните односи, работодавачот може со определено лице да склучи договори поради вршење работи кои се надвор од дејноста на работодавачот, но тие треба да имаат за предмет самостојна изработка или поправка на определени предмети и извршување на определени физички и интелектуални работи. Значи со договор за дело може да се предвиди работа која е именована работа и надвор од дејноста на работодавецот и описот на работни задачи на работникот, потоа таквата работа мора да е наплатлива. Договорот за дело е консензуален двострано товарен и наплатлив договор, а водно од погоре наведеното е дека во самиот договор ниту е опишано делото, ниту пак е опишано дејствието на другата договорна страна, а уште помалку пак таквиот договор да е наплатлив со оглед да нема предвидено плаќање по истиот. Од тука ваквиот договор е спротивен на закон и како таков ништовен и истиот поради тоа нема никаква доказна сила.

Од тука, според погоре изложените арументи кај именуваната постои направен дисциплински престап поради тоа што со достава на фиктивни докази и невистинити податоци кон Барањето за овластување, истата има направено повреда на член 4, став 1, точка 2 од Правилникот за дисциплинска постапка во Комората 02-901/3 од 20.07.2017 година, а казниво согласно член 4, став 2 од истиот правилник.

Врз основа на ова образложение Дисциплинската комисија на Комората донесе одлука како во диспозитивот.

## ПРАВНА ПОУКА

Жалба против одлуката на Дисциплинската комисија може да се поднесе до Комисијата за решавање жалби од втор степен, во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката.

**Заменик Претседател на**
**Дисциплинската Комисија на Комората**
Д-р Сашо Блажевски

Sasho Blazhevski
Digitally signed by Sasho Blazhevski
Date: 2024.04.09 11:19:18 +02'00'